2021

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Институт за човекови права

СОДРЖИНА

ВОВЕД 3
Управен Одбор на Институтот за човекови права 4
Советодавен Одбор на Институт за човекови права 4
Извршна канцеларија на Институт за човекови права 4
ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ 6
АКАДЕМИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 7
ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 8
БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ 9
ПРАВЕН ДИЈАЛОГ 10
ПРИДОНЕС НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 11
Национално координативно тело за бесплатна правна помош 11
Работна група за Законот за заштита од вознемирување на работно место (мобинг) 11
Членство во Управен одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија 11
Членство во Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата 12
Членство во Блупринт групата за реформи во правосудството 12
ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2021 ГОДИНА 13
ЗАЕДНО ВО БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА 13
УСТАВНИОТ СУД – ЗАШТИТНИК НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО 14
ЗАЕДНИЧКА ЗАЛОЖБА ЗА ПОДОБРИ ДОСТИГНУВАЊА ВО СУДСТВОТО 16
КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО УЧИЛИШНАТА ПРОГРАМА - РАЗВИВАЊЕ ЕФЕКТИВНИ ПРАКТИКИ И ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО 18
ПРИМЕНА НА ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19 КРИЗАТА 20
ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, БУЛИНГ И ГОВОР НА ОМРАЗА 21
СЛЕДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА 22

ВОВЕД

Институтот за човекови права е здружение на граѓани кое преку својата работа се залага за промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи. Своите определби ИЧП ги остварува преку континуирана едукација, анализа и истражување на состојбите, застапување и организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност.

И во 2021 година покрај предизвиците предизвикани од глабалната пандемија, Институтот за човекови права успешно ги реализираше проектните активности во постојана комуникација со Управниот одбор, притоа прилагодувајќи се на моменталните околности поврзани со здравствената криза. Стратешките приоритети и понатаму беа ориентирани кон правосудството и човековите права, правната сигурност, промоција на човековите слободи и права, еднаквост и недискриминација, борба против корупција и учество во процесот на преговори за пристапување кон Европската Унија. Следењето на работата на Уставниот суд, Судскиот совет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Државната комисија за спречување на корупција и други државни институции и понатаму беше во фокусот на работа на Институтот за човекови права.

Во рамките на своите стратешки определби и верувања ИЧП работи во неколку клучни сегменти:

- ги следи состојбите во однос на уживањето на човековите права и слободи преку набљудување и анализа на сите релевантни процеси во земјава;
- ја подига свеста помеѓу релевантните институции, организации и останати чинители за неопходноста за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи и
- ги информира граѓаните за нивните права во случаи кои се однеусваат на дискриминација;
- иницира дискусии за релевантните прашања и проблеми кои директно задираат во уживањето на основните права и слободи на човекот и граѓаните во РСМ, како во стручната така и во општата јавност.

Овој годишен извештај се однесува на работата на Институтот за човекови права кој во текот на изминатата година неуморно делуваше кон подобрување на состојбата на човековите права, промовирање на еднаквост и недискриминација, препознавање на корупцијата и приказ на транспаранетноста и отчетоста на државните институции и органи чија работа Институтот за човекови права континуирано ја мониторира. Овој извештај има за цел да го презентира целокупното дејствување на Институтот за човекови права преку реализација на активности во секој поединечен проект, овозможување на бесплатна правна помош, придонесот на Институтот во промоција на науката преку објавување на стручното списание Правен дијалог, објавување на едукативни курсеви на ИЧП Академијата за е-учење, промоција на активности кои се објавуваат на Платформата за човекови права и научниот и практичен придонес на Институтот преку учество во работни групи и координативни тела на теми поврзани со човековите права.

Претсетадателка на
Институтот за човекови права
Маргарита Цаца Николовска

Управен Одбор на Институтот за човекови права

Претседателка на Институтот за човекови права е Маргарита Цаца Николовска. Управниот одбор е составен од 7 членови и тоа:

Маргарита Цаца Николовска – Претседателка на ИЧП
Агим Мифтари – Потпретседател на ИЧП
Вера Коцо – член
Вања Михајлова - член
Игор Спировски - член
Коста Петровски
Филип Медарски - член

Советодавен Одбор на Институт за човекови права

Советодавниот одбор на ИЧП се состои од 13 членови и тоа:

1. Маргарита Цаца Николовска
2. Агим Мифтари
3. Вера Коцо
4. Вања Михајлова
5. Мерсел Биљали
6. Милојка Калкашлиева
7. Константин Хаџи Лега
8. Ирена Цуцулоска
9. Саше Димовски
10. Македонско здружение на млади правници
11. Жарко Хаџи Зафиров
12. Татијана Темелкоска
13. Славица Димитриевска

Извршна канцеларија на Институт за човекови права

Извршната канцеларија на ИЧП во 2021 година беше составена од 7 члена. И покрај предизвиците наметнати како резултат на глобалната пандемија, Извршната канцеларија успешно ги реализира предвидените активности од сите проекти во постојана комуникација со Управниот одбор.

Во 2021 година, Институтот за човекови права ја продолжи традицијата на соработка, поддршка и усовршување преку програмата за волонтерство. Програмата за волонтирање на Институтот за човекови права има за цел да ги запознае младите луѓе со неговата работа низ едукација, обуки и истражувања. Волонтерите се здобиваат со нови знаења и со можност одблиску да се запознаат со работата на Институтот за во иднина тие да може да се борат за унапредување и почитување на човековите права. Во 2021 година, во работата на ИЧП веа вклучени 2 волонтери.

Во периодот од април до јуни 2021 година, студентот на мастер студии Pyke Haans од Roadboud University во Холандија се вклучи во работата на Извршната канцеларија на ИЧП и даде активен придонес во истражувања кои во наведениот период ги реализираше Институтот. Како дел од своите работни задачи, Pyke спроведе истражување поврзано со детектирање на слабостите во имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на Ковид-19 кризата во Холандија и како консоцијалните системи ја олеснуваат корупцијата. Во периодот од октомври до декември 2021 година, во Извршната канцеларија се приклучи Армина Синани која како волонтер помогна на тимот на Институтот во давање на примарна правна помош.

ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ

821
КОРИСНИЦИ НА ИЧП АКАДЕМИЈА

5
КУРСЕВИ НА ИЧП АКАДЕМИЈА

7
ПУБЛИКАЦИИ

98,500
ПРЕГЛЕДИ НА ВИДЕА

8
ВИДЕА

5
МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАИ

1
ХИБРИДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

11
РАБОТИЛНИЦИ И ТРЕНИНЗИ

5
КОНФЕРЕНЦИИ ВО ЖИВО

24
МЕНТОРСКИ СРЕДБИ СО НАСТАВНИЦИ

2
МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

9
СОСТАНОЦИ СО ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ

АКАДЕМИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Концептот за создавање на Академијата за човекови права произлегува од визијата на Институтот за човекови права за едукација со цел унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи едукацијата е клучна за обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права, на Академијата ќе бидат достапни бесплатни курсеви на различни теми кои ќе им помогнат на регистрираните корисници да ги збогатат своите знаења од областа на човековите права.

Академијата за човекови права е алатка која има за цел на безбеден и едноставен начин да ги едуцира своите корисници за различни проблематики од областа на човековите права. Секој курс кој е достапен на Академијата е поделен во одреден број на поглавја и лекции во рамки на поглавјето, по чие завршување корисникот одговара на прашања за да може да премине кон наредното поглавје. На овој начин корисниците освен што ќе се здобијат со одредени знаења, имаат шанса истите да ги проверат и утврдат преку прашања на крајот од секое поглавје.

Во 2021 година, на ИЧП Академијата беа објавени следниве курсеви:

- **Курсот за одговорност, ефикасност и транспарентност на судството** кој се состои од 7 поглавја. Курсот е подготвен во рамките на проектот „Заедничка заложба за подобри достигнувања во судството" финансиран од ЕУ преку Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за финансии (во понатамошниот текст: ЦФСД), во рамки на ИПА II програмата.

- **Дигиталниот курс за настава за контроверзни прашања** е продукт подготвен во рамки на проектот **„**Контроверзни прашања во училишната програма - развивање ефективни практики и пристапи во наставата и учењето", финансиран од Европската Унија и Советот на Европа. Дигиталниот курс претставува ресурс за професионален развој на наставниците, базиран на искуствата од обуките за настава за контроверзни прашања, успешно пилотирани со наставници од четири различни училишта и од реализирани практични активности со учениците, со примена на методи и стратегии што промовираат отворен и достоен дијалог.

- **Курсот за имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на здравствена криза** е подготвен во рамките на проектот „Имплементација на пристапот заснован на човекови права за време на КОВИД-19 кризата" финансиски поддржан од Балканскиот труст за демократија, проект на Германскиот Маршалов Фонд на САД и УСАИД. Курсот се состои од 4 поглавја кои обработуваат теми поврзани со начелата и принципите на кои се базира пристапот заснован на човекови права, правото на здравје и здравствена заштита, важноста на имплементација на пристапот заснован на човекови права во креирање на стратегии и политики з авреме на здравствена криза и забраната на дискриминација и ограничувања при справување со здравствени кризи.

- **Курсот за наставници за дискриминација, булинг и говор на омраза** е подготвен во рамките на проектот „ Заштита од дискриминација, булинг и говор на омраза" финансиски поддржан од Германската амбасада во Скопје. Курсот се состои од 3 поглавја и е наменет за наставници и за стручен кадар и има за цел нивно воведување и запознавање со дискриминацијата, врсничкото насилство (булинг) и говорот на омраза во училиштата. Со курсот наставниците и стручниот кадар ќе стекнат основни вештини за: препознавање и справување со стереотипите, предрасудите и дискриминацијата во училиштето и механизмите за заштита, препознавање и справување со врсничкото насилство (булинг) и

постапување во случаи на врсничко насилство (булинг) и препознавање и справување со говорот на омраза во училиштето и механизмите за заштита.

- **Курсот за ученици - дискриминацијата, врсничкото насилство (булинг) и говорот на омраза во училиштата** е подготвен во рамките на проектот „ Заштита од дискриминација, булинг и говор на омраза. Овој курс е наменет за ученици и има за цел воведување и запознавање со дискриминацијата, врничкото насилство (булинг) и говорот на омраза во училиштата.

До моментот на подготовка на овој извештај на Академијата за човекови права се имаат регистрирано 821 корисник, при што се издадени 868 сертификати за успешно завршени курсеви. По успешно завршување на секој курс на корисникот му се генерира сертификат.

ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Платформата за човекови права е уште една алатка која беше развиена од страна на Институтот за човекови права. Оваа комплексна алатка има сеопфатен пристап кон човекови права, односно ги содржи сите информации за начинот на кој може да се заштитат човековите права. Платформата за човекови права е поделена во 6 сегменти, секој содржи различен вид на информации кои му му се од корист на посетителот на веб страната на Институтот за човекови права.

Првиот сегмент на Платформата е наречен **Човековите права и нивната заштита.** Во овој дел се достапни информации за тоа на кој начин може да се заштитат човековите права и каде може да се пријави нивно прекршување, кои се органите кои ги штитат човековите права на национално и на меѓународно ниво, релевантните закон и меѓународни документи.

Вториот сегмент се фокусира на **Пристапот заснован на човекови права,** односно што опфаќа тој, стандардите и принципите на кој е базира, основните карактеристики кои се однесуваат на него како и вредностите кои ги додава тој во развојните концепти и процеси.

Онлајн обуките го сочинуваат третиот сегмент на Платформата за човекови права, односно тоа е листа на тела и платформи кои на посетителите на веб страната им овозможуваат да пристапат до разновидни обуки поврзани со човековите права. Колку ги познаваш твоите права е **квизот** во рамки на Платформата за човекови права. Тој е наменет за сите оние сакаат да ги тестираат своите познавања од областа на човековите права.

Можеби еден од најважните сегменти на Платформата е **Блогот** кој има за цел да им даде простор на разни автори да го искажат своето мислење на актуелни теми поврзани со човековите права. Во 2021 година беа објавен 4 блог постови на актуелни теми од областа на човековите права.

Последниот сегмент на Платформата се **Документите** каде што може да се пронајдат мноштво на извештаи, прирачници и водичи кои ја тангираат состојбата со чоевковите права во Република Северна Македонија.

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во 2021 година, Институтот за човекови права како регистрирано здружение за давање на примарна правна помош продолжи со давање на примарна правна помош на сите заинтересирани граѓани.
Согласно Законот за бесплатна правна помош, Институтот за човекови права како овластено здружение обезбедува примарна правна помош која се состои во:

- иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство,
- составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во 2021 година вкупно 45 лица побараа примарна правна помош од Институтот за човекови права при што 27 лица добија општа правна информација, додека пак на 18 лица им беше даден општ правен совет. Воедно, до подрачните единици на Министерството за правда беа поднесени 2 барања за секундарна правна помош од страна на лица кои пристапија во Институтот и побараа помош во комплетирање на барањата за секундарна правна помош. Од нив, едно барање беше одобрено од страна на Министерството за правда и на лицето му беше назначен адвокат за застапување во судска постапка.

Од анализа на пристигнатите барања за примарна правна помош, може да се констатира дека и понатаму преовладуваат барањата кои се упатени за остварување на права од социјална заштита (кои се условите за оставрување на гарантирана минимална помош, детски додаток и сл) и работни односи (услови за престанок на работен однос, исплата на заостанати плати и сл).

Во изминатата година, до Институтот пристигнаа неколку барања кои се однесуваа на објаснување на постапката за извршување, прашања од областа на семејно и наследно право, регулирање на права кои произлегуваат од здравствено и пензиско осигурување како и постапката и роковите за поднесување на апликација (жалба) до Европскиот суд за човекови права.

Може да се констатира дека е намален бројот на лицата кои прашуваат што претставува бесплатна правна помош. Ова упатува на фактот дека луѓето постепено се запознаат со Законот за бесплатна правна помош, кампањите дополнително имаат успешно влијание во елаборирање на граѓаните и што претставуваат примарната и секундарната права помош и на кој начин и каде можат да ги побараат.

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

Стручното списание „Правен дијалог" се издава со цел развивање, унапредување и размена на правната мисла помеѓу теоретичарите и практичарите од областа на правото и човековите права. За таа цел во списанието се објавуваат:

1. Научни трудови кои ќе ги рефлектираат теоретските аспекти на теми поврзани со човековите права и владеење на правото кои се однесуваат на Република Северна Македонија, но и општо на останатите држави во Европа и пошироко и
2. Научни трудови кои ќе се осврнат на анализа од практичен аспект на конкретни пресуди на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Научните трудови кои се објавени во Правен дијалог се очекува да имаат влијание врз разрешување на дилеми во однос на конкретни прашања на национално ниво, додека пак пред сè анализата на одлуките на Европскиот суд за човекови права ќе овозможи правилна примена на одредбите од Европската конвенција за човекови права во националното законодавство на Република Северна Македонија.

Редакцискиот одбор на Правен дијалог се состои од 5 члена и тоа:

- Манчо Митевски – Главен и одговорен уредник
- д-р Весна Стефановска – Заменик на главниот и одговорен уредник
- Вера Коцо – (член на Управен одбор на ИЧП)
- Коста Петровски (член на Управен одбор на ИЧП)
- Ангелина Станојоска – (Вонреден професор на Правниот факултет во Битола)

Целта на Редакцискиот одбор е во секое издание да преовладуваат различни теми напишани од широк профил на експерти во своите области чии трудови ќе иницираат дијалог и размена на мислења. Особено добредојдени се трудови од студенти на мастер и докторски студии кои имаат желба да истражуваат и да подготват свој труд на тема поврзана со човековите права и владеење на правото..

Во 2021 година беа објавени две изданија на стручното списание „Правен дијалог" и тоа број 23 во јуни и број 24 во декември. Овие две изданија, како и претходните ја продолжуваат традицијата на стручното списание „Правен дијалог" препознатливо по шареноликоста на темите, сегментите кои ги анализираат човековите права и владеењето на правото обезбедено и гарантирано од институциите на државата. Објавените трудови се напишани од актуелни и поранешни судии на Уставен суд и Врховен суд, професори, доценти, постдипломци, докторанди како и експерти од граѓанските организации. Со ова всушност се исполнува и целта на Редакцискиот одбор во стручното списание да преовладуваат различни теми напишани од широк профил на експерти во своите области.

Во двете изданија на Правен дијалог за 2021 година беа објавени 19 трудови подготвени од 27 автори (коавтори).

ПРИДОНЕС НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во 2021 година, Институтот за човекови права активно учествуваше и даде свој придонес во работни групи и координативни тела на различни теми поврзани со човековите права и тоа:

Национално координативно тело за бесплатна правна помош

Во 2021 година, Националното координативно тело неколку состаноци на кои беа дискутирани предизвиците поврзани со имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош, моменталната ситуација со Протоколот за упатување и воедно се отвори дебата за правната основа и за практичните прашања поврзани со пополнување на поплаки преку подрачните одделенија наместо директно до Министерството за правда (МП) со цел постапката да биде побрза. Овие состаноци беа организирани со поддрка на Советот на Европа во рамките на Проектот за „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија,“ кој што е дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II“, заеднички проект на ЕУ и Совет на Европа кој го спроведува Советот на Европа. Институтот за човекови права преку своите претставници ги сподели предизвиците поврзани со обезбедување на примарна правна помош во пракса како и дилемите поврзани со пополнување на барања за секундарна правна помош.

Работна група за Законот за заштита од вознемирување на работно место (мобинг)

Членови на Управниот одбор и на Извршната канцеларија на Институтот за човекови права активно учествуваа во работната група за подготовка на новиот Закон за заштита од вознемирување на работното место со цел врз основа на претходниот текст на законот да се изврши усогласување со регулативите на Европската Унија, да се отстранат или преформулираат одредби кои не можеа да се спроведат во пракса како и да се изврши усогласување на новиот текст на законот со другите закони како што се Законот за работни односи, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за прекршоци. Состаноците на работната група продоложуваат и во следната 2022 година со цел да се финализира предлог-Законот. Оваа работна група беше иницирана од страна на Министерството за труд и социјална политика и во неа учествуваат претставници од граѓански организации, Сојузот на синдикати на РСМ и други засегнати организации и државни органи.

Членство во Управен одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија

Институтот за човекови права е дел од Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија, проект на Совет на Европа и Европската Унија. Целта на проектот е да се зајакне капацитетот на националните и локални чинители подобро да ги адресираат прашањата поврзани со анти-дискриминација, борба против говор на омраза и заштита на правата на ЛГБТИ лицата во согласност со стандардите и препораките поставени од Совет на Европа. Главна цел на Управниот одбор е да ја следи имплементацијата на проектот

како и да дава насоки за спроведување на активностите. Претставници од Институтот за човекови права присуствуваа на состаноците на Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија кои беа одржани во 2021 година.

Членство во Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Во ноември 2021 година, Институтот за човекови права стана член на Платформата на граѓански организации з аборба против корупцијата. Платформата цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ги почитува, промовира и застапува принципите на доброто владеење. Платформата ги поврзува граѓанските организации и е отворено место за соработка, вмрежување и демократска дебата со цел зајакнување на улогата на граѓанските организации во борбата против корупцијата во Република Македонија. Бидејќи Институтот за човекови права има искуство во реализација на проекти кои се поврзани со детектирање на корупција и коруптивни практики, логичен чекор беше пристапувањето кон Платформата со цел споделување на искуства, но и заедничко дејствување во областа на антикорупцијата.

Членство во Блупринт групата за реформи во правосудството

Блупринт групата за реформи во прасудството е неформална мрежа на граѓански организации кои во изминативе години работат и делуваат во областа на правосудството. Институтот за човекови права заедно со Институтот за европска политика, Коалиција за правично судење, Македонско здружение на млади правници, Центарот за правни истражувања и анализи, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Фондација Отворено општество-Македонија во рамките на своето делување во текот на 2021 година, меѓу другото, излегоа со реакции и своит видувања за повеќе актуелни настани, случувања или изјави кои се однесуваа на отстапувања на начелата на владеење на правото. Соопштенијата се достапни на http://blueprint.org.mk/%d0%b0nnouncements/

ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2021 ГОДИНА

ЗАЕДНО ВО БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Времетраење на проектот: 01.01.2018-30.04.2021 година
Финансиран од Европската Унија

Проектот „Заедно во борба против корупција" го спроведува СКУП, како носител, и Институтот за човекови права (ИЧП) и Медиум, како партнери, со цел подобрување на капацитетите на граѓанскиот сектор за остварување на улогата на контролори на работата на државните органи, со цел законито и транспарентно извршување на функцијата и спречување на ризици од корупција и злоупотреба на службената должност.

Во 2021 година се имплементираа **завршните активности** во рамките на четвртата година од спроведување на проектот и тоа:

Во месец април 2021 година беше финализирана Анализата на Националната и компаративна правна рамка релевантна за спречување на корупцијата. Анализата се осврна на националната правна рамка за спречување на корупцијата со фокус на граѓанско-правни аспекти кои ја дефинираат и регулираат корупцијата. Компаративниот аспект се осврнува на релевантните меѓународни инструменти што постојат во борбата против корупцијата на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската Унија и на ОЕЦД. Воедно, направен е и преглед на правната рамка на соседните балкански држави во борбата против корупцијата, при што се издвоени позитивните искуства и детектираните механизми на Црна Гора и Словенија. Цел на анализава е да ги детектира слабостите во македонскиот правен систем во борбата против корупцијата и да ги идентификува позитивните искуства на соседните балкански држави кои би можеле да бидат инкорпорирани во вид на измени на постојните законски регулативи. Паралелно, неопходно е да се работи на препознавање на корупцијата, што всушност е и основниот предуслов за успешно сузбивање на корупцијата. Клучен фактор во оваа борба е и подготвеноста на секој поединец за соодветна реакција кога ќе се соочи со акт на корупција.

На 22 април 2021 година на ZOOM платформата беше одржана Завршната конференција за презентирање на реализираните проектни активности. Повеќе од 40 учесници беа вклучени на конференцијата. 14 говорници имаа свои излагања на конференцијата која беше поделена на три панели и тоа: (1) Предизвиците на истражувачкото новинарство во борбата против корупција во услови на пандемија; (2) Каква е соработката на Невладините организации и истражувачките Новинари и (3) Презентација на Анализа на Националната и компаративна правна рамка релевантна за спречување на корупцијата.

Проектот заврши со имплементација на 30 април 2021 година.

УСТАВНИОТ СУД – ЗАШТИТНИК НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Времетраење на проектот: 01.09.2020 - 30.09.2021
Финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

Проектот „Уставниот суд – заштитник на владеењето на правото“ е наменет за подобрување на целокупната состојба на Судот. Имено, Уставниот суд како sui generis институција се издвојува по начинот на кој ги штити вредностите на уставноста преку оценувањето на правните акти и нивните дејства, односно преку правото на индивидуални барања за заштита на човековите права и иницијативи за утврдување на уставноста и законитоста на правните акти, понатаму Судот одлучува за решавање на судир на надлежности, како и за одговорноста на Претседателот на Републиката итн.

Судот е гарант на Уставот и еден од клучните актери што обезбедува усогласеност со нормите и вредностите запишани во уставниот текст. Сепак, во последните години Уставниот суд покажа бројни слабости во неговото функционирање, поради фактот што тој не обезбедува целосна заштита на загарантираните човекови права и основни слободи на човекот и граѓанинот во постапките пред Уставниот Суд и згора на тоа сомнителни беа за пошироката јавност некои одлуки на Судот донесени по иницијативи за утврдување на уставноста и законитоста на правните акти.

Имајќи ги предвид актуелните состојби, проектот има за цел да се зајакне видливоста на работата на Уставниот суд и да се зајакне заштитата на човековите права и слободи и истовремено да се следи работата на Уставниот суд во однос на сите сегменти од неговото работење. Одлуките што судиите ги доставуваат по поднесените барања за заштита на основните човекови права и слободи, поднесените иницијативи за оценување на уставноста и законитоста на законите и другите акти, одлуки донесени по сопствена иницијатива во врска со прашањата што ја третираат нацијата (како на пр. вонредна состојба како одговор на корона кризата) и сите други прашања што спаѓаат во рамките на надлежноста на Судот.

Институтот за човекови права во рамки на Проектот во 2021 година ги спроведе следните активности:

Врз основа на претходно изработената Методологија, изготвени се три мониторинг извештаи за работата на Уставниот суд. По завршувањето на секоја седница на Уставниот суд, набљудувачот што ја следеше седницата пишуваше краток извештај за текот на седницата и донесените одлуки, по што беа анализирани податоците од извештајот, заедно со другите релевантни наоди и беа вградени во кварталниот извештај кој беше објавен на веб-страницата на ИЧП на македонски, англиски и албански јазик. Извештаите овозможија поголем пристап до податоците на засегнатите страни, медиумите, правните професионалци и пошироката јавност кои можеа да користат нов извор на релевантни информации за следените седници и работата на Уставниот суд. Исто така, извештаите се вградени во длабинската анализа како основа за оценка на работата на Уставниот суд и препораките кои произлегоа од главните наоди.

Дополнителни информации за кварталните извештаи може да се најдат на следните линкови:

- Извештај за работа на Уставниот суд октомври 2020 - јануари 2021 година
- Извештај за работа на Уставниот суд февруари - април 2021 година
- Извештај за работа на Уставниот суд мај – јули 2021 година

Во рамките на мониторингот тимот на проектот присуствуваше на 35 седници на Уставниот суд. Од вкупниот број на седници, 27 се јавни седници, 7 се подготвителни седници и 1 јавна расправа. Остварени се четири официјални средби со претставници на Уставниот суд. На одржаните средби со претставниците на Уставниот суд беа собрани податоци и информации за функционирањето (позитивни аспекти и недостатоци) на институцијата.

Изработена е Функционална анализа за организационата структура на Уставниот суд на РСМ, од страна на проф. Темелко Ристески. Со анализата се идентификувани предизвиците и проблеми од организациска и функционална гледна точка на Уставниот суд, со фокус на проблеми со персонал (човекови ресурси), административна и буџетска самостојност, нормативна усогласеност, простор и логистика, ИТ - технички можности за поголема транспарентност. Со функционалната анализа, се донесени конкретни заклучоци и препораки за подобрување на функционирањето и остварувањето на целите на институцијата.

За потребите на проектот и длабинската анализа се организирани три настани (тркалезни маси) со физичко и онлајн присуство на учесниците. Целта на тркалезните маси беше да се овозможи експертска дискусија меѓу судиите на Уставниот суд со релевантните засегнати страни за да се изготват соодветни заклучоци и препораки.

- Првата средба беше организирана со судиите и стручниот кадар на Уставниот суд и членовите на академската заедница и надлежните органи со цел да се разговара за актуелните прашања и предизвици од работата на Судот и беа изработени предлози за подобрување на состојбите
- Втората и третата тркалезна маса беа организирани заеднички како еднодневен настан, со судиите на Уставниот суд, новинари, како и претставници на граѓански организации и адвокати. На двете средби се разговараше за две главни теми: актуелната состојба и предизвиците поврзани со транспарентноста на Уставниот суд и соработката со новинарите; и барања за заштита на човековите права и иницијативи за уставност и законитост и ефективноста на овие правни лекови.

Изработена е Длабинската анализа на Уставниот суд. Основната цел на анализата е да даде одговори на правните дилеми кои постојат во теоријата и практиката, а се поврзани со положбата и функцијата на Уставниот суд, условите за поведување постапка, правниот исход на неговите одлуки, како и нивното извршување и потребата од зголемена заштита на човековите права и слободи пред Судот. Во анализата се предвидуваат конкретните институти кои ги идентификуваат предизвиците со кои се соочува Уставниот суд, а како резултат на тоа се предлагаат конкретни мерки за подобрување на состојбите и за целосно остварување на надлежностите на Судот.

Спроведена е кампањата за подигнување на свеста, како продукти на кампањата ирзаботени се 5 инфографици за работата на Уставниот суд, како и промотивно видео за постапката за поднесување барања за заштита на уставните човекови права.

Организирана е завршна конференција за презентација на достигнувањата и главните резултати од проектот. На истиот се презентирани главните наоди и препораки од длабинската аналиа и анализираните податоци и заклучоци од мониторинг извештаите.

Имплементацијата на проектот заврши во септември 2021 година.

ЗАЕДНИЧКА ЗАЛОЖБА ЗА ПОДОБРИ ДОСТИГНУВАЊА ВО СУДСТВОТО

Времетраење: 22.12.2018 - 21.09.2021
Финансиран од Сектор за Централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии и Британската амбасада во Скопје

Целта на проектот е заеднички да се придонесе кон зголемување на влијанието на граѓанските организации во судските реформи преку заедничко вклучување на граѓанските организации и професионалните здруженија во оценувањето на работењето на правниот сектор, како и ефективна соработка со сите заинтересирани страни во судството. Специфични цели во рамките на проектот се:

- Зголемување на заедничката заложба и активно учество во насока на подобри резултати во судството.
- Зајакнување на соработката и капацитетот на судските професионалци за поефективно, отчетно и транспарентно судството.
- Подигнување на свеста за достигнувањата на судството со цел да се зголеми довербата во судството.

Институтот за човекови права во 2021 година ги спроведе следните активности:

Средби на Советодавната работна група која функционира во рамките на проектот „Заедничка заложба за подобри достигнувања во судството". Во 2021 беа одржани петата, шестата и седмата средба на Советодавната група. Овие средби функционираа врз основа на изработената Методологија за следење на промените во законодавството и нивното влијание врз судството. Препораките и записниците од сребдите беа споделувани со сите засегнати страни.
Изготвен Заеднички протокол за унифицирано спроведување и работење во секторот „Правда" (со фокус на судската служба). Протоколот е достапен на македонски и албански јазик и во печатена форма.
Изработен Документ за јавни политики за транспарентноста, отчетноста и ефективноста на судството со посебен фокус на судовите и судската администрација. Документот за политики за транспарентноста, отчетноста и ефективноста на судството се обидува да одговори на прашањето колку првната рамка во Република Северна Македонија, која ги регулира принципите на транспарентност, отчетност и ефективност во судството е во согласност со меѓународните стандарди и препораки и има за цел да предложи препораки за нејзино подобрување.

Курс за одговорност, ефикасност и транспарентност на судството. Курсот е достапен на следниот линк преку логирање на Академијата за човекови права: https://ihracademy.org.mk/

Работилници за одговорност, ефективност и транспарентност во судството. Во 2021 година се одржаа петата и шестата работилница за одговорност, ефективност и транспарентност во судството наменети за учесници од Апелационото подрачје Скопје. Во текот на дводневните настани присутните судии и судската администрација имаа шанса да ги споделат своите искуства од секојдневната пракса на судовите.

Изработени материјали и продукти за пошироко запознавање на јавноста:

Видео – Судскиот службеник во служба на граѓаните
Постер – Судскиот службеник во служба на граѓаните
Видео- судството за време на пандемија

ЗА ПРАВДА - СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО 2021

Времетраење: 1 март 2021 – 31 декември 2021
Финансиран од Фондација Отворено Општество Македонија

Овој проект е реализиран во рамките на Блупринт платформата која преку досегашното следење *на Стратегијата за реформи во правосудството (2017-2022)* ја зајакна сопствената професионална експертиза и се позиционираше како клучен чинител од граѓанскиот сектор кој учествува во реформите во овој сектор. Целта на овој проект е зголемување на влијанието на граѓанските организации во процесот на реформи во правосудството како предуслов за заштита на човековите права и обезбедување социјална правда.

Краткорочни цели:

- Зајакнување на процесот на следење на спроведувањето на *Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022)* со фокус на нејзиното влијание врз заштитата на човековите права и обезбедувањето социјална правда.
- Унапредување на партиципативно креирање политики во областа на правосудството преку соработка со тематски мрежи.
- Зајакнување на активностите за застапување засновано на докази во областа на правосудството од страна на граѓанските организации

Институтот за човекови права во рамки на Проектот во 2021 година ги спроведе следните активности:

Учествување во објективна и сеопфатна оценка на процесот на реформи во правосудството и неговото влијание врз човековите права и социјалната правда преку изработка на:

- три квартални мониторинг брифови;
- годишен извештај во сенка за спроведување на реформите во 2021 година.
- Зајакната соработка помеѓу граѓанските организации и тематски мрежи која овозможува идентификување и артикулирање на нивните потреби и барања во процесот на реформи во правосудството преку воспоставување на соработка помеѓу Блупринт платформата и други мрежи кои работат на здравство, образование и социјална заштита;
- Изработени се два документи за јавни политики и тоа Кривично-правната заштита на животната средина и Кривичните дела против здравјето на луѓето

КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО УЧИЛИШНАТА ПРОГРАМА - РАЗВИВАЊЕ ЕФЕКТИВНИ ПРАКТИКИ И ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

Времетраење: 3 март 2021 – 20 ноември 2021
Финансиран од Европска Унија и Совет на Европа во рамки на програмата Демократска и Инклузивна Култура во Операција во Училиштата (DISCO)

Целта на овој проект беше да придонесе кон зајакнување на демократијата во училиштата преку развивање на самодовербата и професионалните компетенции на наставниците за ефективно подучување на контроверзните прашања.

Во рамките на проектот, предвидено беше да се реализираат следните специфични цели:

1. Подигање на свеста на наставниците и на учениците за важноста да се обезбедат можности за учениците да дискутираат за контроверзни прашања во училницата и
2. Да се зајакнат компетенциите на наставниците и на стручната служба во училиштата за користење на низа методи и пристапи за разработка на контроверзни прашања во наставата за основно и средно образование.

Проектот во 2021 година ги спроведе следните активности:

Беа избрани четири пилот училишта од регионот Скопје, две основни и две средни училишта, со коишто беа спроведени проектните активности. Избраните училишта беа:

1. ООУ „Јоаким Крчоски“
2. ООУ„Вера Циривири - Трена“
3. СУГС „Георги Димитров“
4. СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“

Од секое училиште учествуваше по еден училиштен тим членови составен од наставници и психолози/педагози/дефектози. Секој тим се состоеше од околу пет до шест члена.

Беа спроведени два онлајн координативни состаноци со училишните тимови од избраните училишта, тимот на ИЧП и експертите кои беа дел од проектот со фокус на размена на искуства со цел да се постигнат целите на проектот, дискутирање на заеднички проблеми во спроведувањето на предложените активности и идентификување на можните стратегии за решавање на проблемите за кои се потребни дополнителни активности.

Беа спроведени четири онлајн работилници со членовите на училишни тимови со цел развивање на нивните капацитети и компетенции за користење на методи и пристапи за разработка на контроверзни прашања во наставата коишто ги ставаат учениците во центарот на учењето и развој на компетенциите на учениците за демократска култура.

По завршувањето на работилниците, **беа спроведени училишни обуки во секое од пилот училиштата водени** од членови на училишни тимови поддржани од фацилитаторите на проектот со цел споделување на успешните практики на сите наставници на ниво на училиште. Улогата на училишниот тим беше да му помогне на персоналот да воспостави врска помеѓу контроверзните прашања и предметот што го предаваат со цел да се направат системски промени во училиштата.

Беа спроведени активностите за менторството на ниво на училиште на континуирана основа за време на спроведувањето на проектот со цел да се поддржат членовите на училишните тимови за успешно спроведување на методите и пристапите за разработка на контроверзни прашања и развој на компетенциите на учениците за демократска култура. Во рамки на оваа активност, секој наставник спроведе час за контроверзни прашања со учениците.

Беа креирана Алатка за самоевалуација на практики за настава за контроверзни прашања. Целта на оваа алатка е да им овозможи на наставниците систематски да го рефлектираат нивниот статус и напредок во развојот на знаењето, разбирањето и планирањето на нивните активности со учениците при примената на методите и пристапите за разработка на контроверзни прашања.

Беше развиен Прирачник за наставници насловен „Методи и пристапи за разработка на контроверзни прашања во наставата за основно и средно образование“. Прирачникот се состои од три дела: (1) теоретска задина, (2) методи и активности за подучување на контроверзни прашања и (3) наставни планови кои претставуваат примери од добри практики на реализирани часови со контроверзно прашање во рамки на проектот.

Беше создаден Дигитален курс за настава за контроверзни прашања којшто е достапен на Академијата на Институтот за човекови права на македонски и албански јазик. Дигиталниот курс има за цел да Ве води, преку процесот на самостојно учење, на таков начин што ќе Ве поттикне да размислувате за бројни аспекти поврзани со наставата за контроверзни прашања и ќе Ви понуди практични пристапи и активности што ќе може да ги користите со Вашите ученици.

Беа креирани три инфографици, три визуелни водичи, две видеа и четири гиф-анимации, со цел промоција на проектот и подигање на свеста за значењето на вклучувањето на контроверзните прашања во наставата. Инфографиците и визуелните водичи се фокусираат на теоретските аспекти на оваа тема, додека пак видеата и гиф-анимациите содржат пораки споделени од ученици и наставници од нивното искуство со контроверзни прашања.

Видео: Зборувавме со ученици на тема „Контроверзни прашања“ (МКД, АЛБ, АНГ)
Видео: Која тема може да биде контроверзна? (МКД, АЛБ, АНГ)

Беше организирана завршна конференција „Контроверзни теми во училница: Да се избегне или дискутира?“ во соработка со Здружението Лидери за едукација, активизам и развој, со цел да се прикажат активностите реализирани во рамките на проектите имплементирани од ИЧП и ЛЕАД. На оваа конференција беа присутни наставници од основни и средни училишта низ државата, претставници од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование, експертите кои беа дел од проектите, како и меѓународни и невладини организации кои работат на промовирање на образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права.

ПРИМЕНА НА ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19 КРИЗАТА

Времетраење на проектот: 01.04.2021-31.03.2022 година
Финансиран од Балканскиот Труст за демократија, проект на Германскиот Маршалов Фонд на САД и УСАИД

Проектот „Примена на пристапот заснован на човекови права за време на Ковид-19 кризата" има за цел преку примена на пристапот заснован на човекови права при реализирање на здравствените политики да придонесе кон заштита на основните човекови права поврзани со здравствената криза како што се: слободата на движење, правото на образование, право на пристап до информации, забрана за дискриминација и слично.

Во изминатиов период во континуитет беа следени мерките на Владата поврзани со Ковид-19 при што беа реализирани повеќе проектни активности. Во мај 2021 година беше **финализирана методологија** за мониторирање на рестрикциите воведени за време на пандемијата преку најбитните столбови на пристапот заснован на човекови права.

Истиот период беа одржани две фокус групи со 30 претставници од граѓански организации кои работат во областа на човековите права со цел преку нивни искуства и примери да ја пренесат имплементацијата на пристапот заснован на човекови права за време на КОВИД-19 кризата. Воедно, на фокус групите се дискутираше и за предизвиците и детектираните проблеми при имплементацијата на пристапот заснован на човекови права во нашата држава во услови на глобална пандемија, прекршување на човековите права и дискриминаторски постапки.

Во септември 2021 година беше објавен Првиот мониторинг извештај за примена на пристапот зансован на човекови права за време на здравствена криза. Во извештајот се анализирани трите најзасегнати права во изминатиов период и тоа: правото на здравје, правото на образование и слободата на движење. Во анализираниот период може да се констатира дека донесените мерки од Владата и надлежните институции се неопходни и сразмерни. Сепак, при креирањето на политиките и при носењето одлуки не се земаат предвид специфичните услови во кои се наоѓаат лицата со попреченост, жените, децата и особено жртвите на семејно и родово базирано насилство како и реализација на нивното право на здравје и здравствена заштита.

Во ноември 2021 година беше финализиран Курсот за имплементација на пристапот заснован на човекови права кој содржи 4 поглавја во кои се зборува за важноста на имплементацијата на пристапот заснован на човекови права за време на здравствена криза, реализација на правото на здравје и здравствена заштита и забрана за дискриминација и ограничувања.

Во декември 2021 година беше завршено истражувањето за предизвиците и проблемите во реализација на правото на образование за време на глобална пандемија. Беше извршена електронска дистрибуција на прашалници наменети за наставници и ученици во средните училишта на Град Скопје со цел споделување на нивните искуства во реализацијата на правото на образование, односно од нивна перспектива како пандемијата влијаеше на квалитетот на образование, условите за спроведување на наставните активности и целиот процес на одвивање на наставата на далечина. Во Истражувањето учествуваа 15 средни училишта, 1699 ученици и 241 наставник.

ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, БУЛИНГ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Времетраење на проектот: 15.05.2021 – 15.05.2022
Финансиран од Германската амбасада во Скопје

Целта на проектот е да ја потенцира важноста во однос на спречување и заштита од дискриминација (со посебен фокус на следниве основи: сексуална ориентација, родов идентитет, социјална и родова нееднаквост), говор на омраза и „булинг" – врсничко насилство меѓу средношколците.

Специфични цели во рамките на проектот се следниве:

1. да се подигне свеста меѓу учениците и професорите за дискриминацијата (со посебен фокус на сексуалната ориентација, родовиот идентитет, социјалната и родова нееднаквост), говорот на омраза и булингот како и истите да се сузбијат преку инклузивен процес меѓу учениците;
2. да се зголеми знаењето на професорите, педагозите и учениците со цел спречување и заштита од дискриминација, булинг и говор на омраза како и да се потенцира значењето за почитување на човековите права и промовирање на толерантност и прифатливост и
3. да се поддржат државните институции во креирање на одржливи мерки за адресирање на дискриминацијата, булингот и говорот на омраза со цел придонесување кон потолерантен и инклузивен образовен процес во средните училишта.

Институтот за човекови права во 2021 година ги спроведе следните активности:

Мониторинг на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. При следењето на работата на Комисијата, акцент е ставен на следниве критериуми за евалуација: ефективност, транспарентност и отчетност.

Во 2021 изготвени се два мониторинг извештаи од следењето на работата на Комисијата

- Извештај за периодот од јули до септември 2021;
- Извештај за периодот од октомври до декември 2021.

Воедно изработени се два инфоргафика со податоците добиени од мониторинг извештаите.

Објавени резултати од истражување за влијанието на социјалните и мас медиумите

Основна цел на истражувањето е оцената на влијанието на медиумите во креирањето на јавното мислење кај средношколците и можноста за градење стереотипи, дискриминација, врсничко вознемирување и говор на омраза. Податоците за оваа анализа се добиени преку дескриптивно емпириско истражување, со примена на доминантно квалитативна анализа.

Онлајн курсеви за наставници и ученици на тема дискриминација, врсничко насилство (булинг) и говор на омраза во училиштата. Курсевите се достапни со регистрација на Академијата за човекови права на ИЧП достапна преку регистрација на следниот линк: https://ihracademy.org.mk/.

Кампања за подигнување на свеста за борба против дискриминација, врсничко насилство (булинг) и говор на омраза во училиштата.

Изработени се постери и стикери за подигнување на свест против дискриминација, буинг и говор на омраза во училиштата. Истите се споделени во средните училишта во градот Скопје. Подготвени се три кратки видеа за дискриминација, булинг и говор на омраза. Изработени се визуализации за што претставува дискриминација, булинг и говор на омраза.

СЛЕДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Донатор на проектот: Амбасадата на САД во Скопје
Времетраење: 16 август 2021 – 15 август 2022

Целта на овој проект е следење на имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Антикорупциска стратегија) преку исполнување на мерките на Владата на Република Северна Македонија и иницијативите кои се составен дел на планот на Владата во борбата против корупцијата насловен како „Акција 21".

Во рамките на проектот, предвидено е да се реализираат две специфични цели и тоа:

1. Да се процени успешноста и брзината на преземените чекори на Владата во борбата против корупцијата согласно Антикорупциската стратегија и Владиниот план „Акција 21" како и да се дадат заклучоци и препораки и
2. Да се подигне свеста и да се стекне знаење за важноста од преземање на активно учество во процесот на елиминација на корупцијата преку употреба на националните механизми и негативните последици од корупцијата меѓу пошироката јавност.

Институтот за човекови права во 2021 година ги спроведе следните активности:

Мониторинг на националните активности во борбата против корупцијата и собирање материјали и информации со цел подготовка на првиот мониторинг извештај кој ќе биде објавен во февруари 2022 г. заедно со инфографикот кој ќе ги сумира најважните сегменти од овој мониторинг период. Институции во фокус се Влада на Република Северна Македонија и Државна комисија за спречување на корупцијата – ДКСК заедно со Планот за борба против корупција „Акција 21" и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Целта на мониторнг извештајот е да се даде проценка (слика) на успешноста и ажурноста на преземените владини чекори во борбата против корупцијата согласно Антикорупциската Стратегија и Планот на Владата „Акција 21". Извештајот од мониторингот е поделен во три главни области во согласност со Планот на Владата: (i) промени во релевантното законодавство; (ii) дигитализација на административните процеси и техничка опременост; (iii) зголемување на кадрите и јакнење на капацитетите на институциите, како и дополнителни активности кои не се предвидени, но биле преземени во насока на борба против корупцијата.

Остварени се две средби со претставници од Кабинетот на вицепремиерот за борба против корупција, одржлив развој и човечки ресурси на кои се разговараше за спроведувањето на владиниот план „Акција 21". Исто така, разговаравме за продлабочување на нашата соработка и за таа цел од страна на Кабинетот на вицепремиерот е назначено лице со кое би можеле да бидеме во постојана комуникација со цел да ги споделиме сите информации релевантни за спроведување на владиниот план и постигнатите мерки.

Остварени се средби со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љубомир Јовески и со претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата г-ѓа Билјана Ивановска на кои разговаравме за споделување информации и унапредување на нашата соработка во врска со спроведување на владиниот план „Акција 21" и Националната стратегија за спречување на корупцијата. Дополнително, на двете средби е договорено да се потпишат Меморандуми за разбирање и соработка преку заедничка организација на конференции, взаемна поддршка во подигање на свеста за корупцијата преку кампањата што ќе ја започне Институтот за човечки права.